# Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието

## Денешните МЛАДИ се утрешните ЛИДЕРИ!

## Општ преглед

**Времетраење:** 5 години

**Буџет:** $ 5,853,000

**Датум на започнување:** април 2017

**Партнери во имплементација:** Министерство за образование и наука, образовните институции, сите општини и сите училишта во Македонија.

**Целна група:** сите основни и средни училишта и општини.

## Цел и пристап

**Подобрување на меѓуетничката интеграција на младите.**
Преку овозможување на позитивни интеракции помеѓу младите од различни етнички припадности на училишно и општинско ниво, како и подобрување на содржините на граѓанското образование, вештините и однесувањето и практиката на волонтерство на младите.

**Партиципативен, сеопфатен пристап.**
Преку вклучување на сите клучни образовни институции, 450 основни и средни училишта и 81 општина во Македонија.

## Три заемно подржувачки и меѓусебно поврзани компоненти

Компонента 1: Зајакнување на меѓуетничката кохезија во образовниот систем.

Компонента 2: Зајакнување на граѓанска култура и однесување кај младите на училишно и локално ниво.

Компонента 3: Реновирање на училиштата како стимул за заслужните училишта и заедници.

## Компонента 1: Зајакнување на меѓуетничката кохезија во образовниот систем

Преку континуирана соработка со Министерството за образование и наука, клучните образовни институции и општини, Проектот ќе ги подобри условите за интеракција помеѓу училиштата од различни средини и ќе создаде подобра етничка кохезија меѓу младите.

## Компонента 2: Зајакнување на граѓанска култура и однесување кај младите на училишно и локално ниво

Во партнерство со Министерството за образование и наука, Проектот ќе поддржи промени на содржините за граѓанско образование и ќе воведе методи за промовирање на активно вклучување на учениците во процесите на донесување одлуки на училишно и општинско ниво.

## Компонента 3: Стимул за училиштата/реновирање

Како стимул за училиштата да учествуваат во проектните активности за подобрување на меѓуетничката кохезија и развивање на демократски и граѓански вредности и однесувања кај младите, Проектот ќе реновира училишта и ќе ги подобри условите за учење.

## Очекувани резултати и влијание

- Подобрена меѓуетничка кохезија меѓу младите
- Проактивни, продуктивни и ангажирани млади во општеството
- Содржините за граѓанско образование реформирани и подобрени
- Преку 50 училишни згради реновирани и одржувани
- Одржлив процес на институционално и локално ниво

www.mcgo.org.mk
info@mcgo.org.mk
www.facebook.com/mcgo.mcec.mk/
мобилна апликација: EduMobMK